TRANSPARENCY INTERNATIONAL
MACEDONIA

ЗДРУЖЕНИЕ ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ-МАКЕДОНИЈА
TRANSPARENCY INTERNATIONAL-MACEDONIA
Бр. 0302 - 1415
17.09 2013 год.
Скопје

**ОТВОРЕНО ПИСМО**

До: Господин Трајко Велјановски
Претседател на Собранието на Република Македонија

Почитуван господин Трајко Вељаноски,

Ви се обраќаме во врска со Барање за Слободен пристап до информации од јавен карактер на Здружението Transparency International – Macedonia (наш број 0302/1166 од 11.01.2013 година) упатено до Собранието на Република Македонија.

Здружението Transparency International – Macedonia побара информација од јавен карактер во врска со исполнетоста на формалните услови за избор на член на Државната комисија за спречување на корупцијата, од страна на госпоѓата Љубинка Корабовска, член од составот избран на 06.04.2011 година.

Поради нецелосна информација во одговорот по Барањето поведовме жалбена постапка пред Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Комисијата на 12.07.2013 година (број 07-27) го врати предметот до имателот на информации (Собранието на Република Македонија) на повторно постапување со конкретна насока дека бараната информација е од јавен карактер.

Сите рокови за постапување до страна на Собранието на Република Македонија се изминати, но се уште не е доставен одговор ниту до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, ниту до барателот на информацијата од јавен карактер здружението Transparency International – Macedonia.

Транспарентноста на носечките институции на власта помеѓу кои е Собранието на Република Македонија и интегритетот на Државната комисија за спречување на корупцијата се предуслов борбата против корупцијата во Република Македонија да оди во насока и да даде вистински резултати.

Почитуван Претседателе Вељаноски, Ве повикуваме и во согласност со вашите овластувања да се обезбедат транспарентност во работењето на Собранието на Република Македонија и да овозможите добивање на целосен одговор на бараната информација.

Здружението Transparency International – Macedonia ќе ги искористи сите можности предвидени со закон со цел бараната информација да стане достапна за јавноста.

Во прилог:

- Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер Број 0302/1166 од 11.01.2013 година;
- Решение на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер број 07-27 од 12.07.2013 година.

Скопје, 17.09.2013 година.

Со почит,
Д-р Слаѓана Тасева
Претседател
Transparency International – Macedonia

ЗДРУЖЕНИЕ ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ МАКЕДОНИЈА TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA Скопје

Transparency International - Macedonia
ул. Наум Наумовски Борче бр.58 П.Ф. 270 1000 Скопје, Македонија
тел/факс: 02 3217 000 e-mail: info@transparency.org.mk